Согласно член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Закон за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 26 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/2005 и 137/2007 и 24/2008), како и врз основа на претходно добиена Согласност бр.10-24/25 од 22.09.2009 година, Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 08.10.2009 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за донесување на Предлог – Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од Кадино, за стопански комплекс, Локалитет 14 и 15, - измена и дополна -, -2008 -2018, - 23.00 ха - општина Илинден**

**член 1**

Со оваа одлука се врши донесување на Предлог- Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино, за стопански комплекс, Локалитет 14 и 15, - измена и дополна -2008 – 2018 -23.00 ха - општина Илинден.

**член 2**

Границита на планскиот опфат на урбанистичкиот план се движи:

- на север – границата се движи по осовина на новопланираните улица „5“ и улица „1“,
- на исток – границата се движи по осовина на новопланирана улица „1“,
- на југ – границата се налегнува на дел од улица „8“ и дел налегнува по осовината на новопланирана улица „4“,
- на запад – границата се движи по осовина на дел по новопланираната улица „4“ и на дел на улица „5“.

Површината на планскиот опфат изнесува 23.00 ха.

Со Предлог – Урбанистичкиот план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино, за стопански комплекс, Локалитет 14 и 15, - измена и дополна - 2008 – 2018 - 23.00 ха – општина Илинден, се предвидуваат зони со класи на намена:

- **Г – Производство, дистрибуција и сервиси**
  - Г2 – лесна и незагадувачка индустрија
  - Г3 – сервиси
  - Г4 - стоваришта
- **Б – Комерцијални и деловни намени**
  - Б1 – мали комерцијални и деловни дејности
  - Б2 – големи трговски единици
- **Д – Зеленило и рекреација**
  - Д1 – парковско зеленило
  - Д2 – заштитно зеленило

**член 3**

Предлог- Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино, за стопански комплекс, Локалитет 14 и 15, - измена и дополна- 2008 – 2018 -23.00 ха - општина Илинден, со тех. број Е 15/08 од јуни 2009 година,

изработен е од Агенција за планирање на просторот на Република Македонија и содржи документациона основа и планска документација со текстуален и графички дел.

**член 4**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од јавна презентација, јавна анкета и стручна консултација бр.10 – 24/9 од 29.01.2009 година.

**член 5**

Урбанистичкиот план со сите негови делови се составен дел на оваа одлука и истиот се чува и за негова реализација се грижи Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина на општина Илинден.

**член 6**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Илинден.

**Бр.07-1671/5**
**Од 08.10 2009 година**

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски**